КОРИСНИ ЛИНКОВИ:

- Веб-сајт на „OER commons“
  http://www.oercommons.org
- Онлајн-база на едукативни алатки
  http://oedb.org/library/features/80-oer-tools
- Видеобаза на едукативни материјали
  http://www.khanacademy.org/#browse
- Онлајн-база на едукативни материјали:
  http://catalog.flatworldknowledge.com
- Мултимедијална база на образовни средства
  http://www.merlot.org/merlot/index.htm
- Проектот „Отворена библиотека“
  http://openlibrary.org
- Онлајн-архива на Отворени образовни ресурси
  http://www.archive.org
- Онлајн-архива на образовни курсеви
  http://www.montereyinstitute.org/nroc
- Една од најважните заедници за едукативен софтвер
  http://sakaiproject.org

design: www.koma.com.mk

ОТВОРЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОТВОРЕН СВЕТ. ДА ГО СПОДЕЛИМЕ ЗНАЕЊЕТО!

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

МЕТАМОРФОЗИС

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

obrazovniresursi.mk
Информирај се, сподели и најди знаење!

ЗНАЕЊЕТО спаѓа во најважните ресурси, а образованието е клучниот двигател за развојот на едно општество.

ОБРАЗОВНИ РЕСУРСИ се средства и материјали кои се употребуваат во образовниот процес.

ОТВОРЕНИ ОБРАЗОВНИ РЕСУРСИ (ООР) се средства и содржини кои се слободни за употреба. Тоа се образовни алатки кои се бесплатни и можат без никаков надомест да се користат во едукативни, научни и истражувачки цели, и тоа:

- учебници
- работни вежбанки
- прирачници
- речници
- студии
- компјутерски програми
- интернет-сервиси
- онлајн-платформи
- софтвер и компјутерски програми
- дигитални банки
- дигитални бази

ИНТЕРНЕТОТ И ДИГИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА се најсилните алатки на ООР кои во иднина ќе добиваат на значење и ефектност.

Дигитализацијата на образованието мора да биде приоритет во дигитализацијата на општеството.
Во процесот на дигитализација на образованието, отвореният пристап е клучна компонента.

МОДЕРНИТЕ ОПШТЕСТВА И СВЕТОТ ВО КОЈ ЖИВЕЕМЕ, ЦЕЛОКУПНИОТ СВОЈ РАЗВОЈ ГО ЗАСНОВУВААТ НА ЗНАЕЊЕ. БЕЗ РАЗЛИКА ДАЛИ СЕ РАБОТИ ЗА РАЗВИЕНАТА ТЕХНОЛОГИЈА, МЕДИЦИНАТА, БИОЛОГИЈАТА, АСТРОНОМИЈАТА И ТАКА НАТАМУ, СИТЕ ВРВНИ ДОСТИГНУВАЊА НА ЧОВЕКОТ СЕ ЗАСНОВУВААТ НА ЗНАЕЊЕ. ЗНАЕЊАТА ВО ЕКОНОМИЈАТА, СОЦИОЛОГИЈАТА, ПСИХОЛОГИЈАТА И ДРУГИТЕ НАУКИ, МНОГУ ВЛИЈААТ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАШЕТО ЖИВЕЕЊЕ.

ЗОШТО ООР?

- ООР овозможуваат слободен пристап до знаењето без дискриминација по која било основа, од географска до социјална и економска.
- ООР овозможуваат креативност во процесот на учење и иновации.
- Креативноста и иновациите отвораат нови типови комуникација со учениците и студентите кои повеќе ги поттикнуваат и ги активираат во текот на образовниот процес.
- ООР ги намалуваат трошоците за учениците, студентите и различните организации.
- Придонесувањето кон ООР значи придонесување и кон светската ризница на споделени знаења, а се промовираат и принципите на отворената образование.
- ООР ги поттикнуваат развојот на слободниот софтвер и неговата ефикасна примена во едукацијата.
- ООР го помагаат развојот на општествата, го јакнат стручниот кадар и образовниот капитал.

ЦЕЛИ НА ООР

- создавање учебници и прирачници кои се слободни и бесплатни за користење;
- организирање и систематизирање на образовните средства и материјали за да бидат лесни за наоѓање;
- олеснување на принципите за умножување на материјалите и регулирање на авторските права врз овие содржини;
- создавање онлајн-заедници на едукаторите, наставниците, професорите, истражувачите и др.

АВТОРСКИ ПРАВА

ООР бараат попрактичен приод кон прашањата за сопственичките права на образовните материјали и како тие да не бидат пречка за образованието, како и споделување на знаењето.

„КРИЕЈТИВ КОМОНС" ЛИЦЕНЦИ се лиценци кои овозможуваат заштита на авторските дела од непосакувани употреби, додека истовремено ја поттикнуваат соработката, надградувањето на знаењата, креативноста и обемот на достапни содржини на интернет воопшто. Создавачите на образовните ресурси често ги користат овие лиценци за да ги направат отворени за сите, а истовремено легално се дозволува нивната повторна употреба.

Copyright	Creative Commons	Public Domain
Сите права се задржани	Некои права се задржани	Ниту едно право не е задржано

ОТВОРЕНИОТ ПРИСТАП кој се залага за продукција на високо квалитетни истражувачки материјали и нивно слободно споделување на интернет, заедно со ООР се главните двигатели на научно-истражувачката и образовната дејност.